# Дневна хемеротека за 10.06.2015г.

## МИА – *Намерно ми ја палат депонијата*

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА СТРУГА СЕЛА СЕ ЖАЛИ НА ЕКО ДИВЕРЗИЈА

### НАМЕРНО МИ ЈА ПАЛАТ ДЕПОНИЈАТА

Струга во неделата беше покриена со густ бел чад од градската депонија, која и ова лето гореше. Секоја година оваа депонија, која е на 300 метри од градот, најмалку еднаш е опожарена. Стружани се жалат дека од смрдеата и чадот од запаленото ѓубре буквално се задушувале.



"Цел ден смрдеше на изгорено. Чадот го покри цел град, штипеше за очи и не се дишеше. И што е најстрашно, ова не е првпат. Секое лето депонијата гори. Дали ја палат или самото ѓубре се пали од топлото, не знаеме, но ова веќе не се трпи. Со години бараме да се отстрани депонијата", велат стружани.
Зијадин Села, градоначалник на Струга, потврди дека противпожарната служба пред два дена била ангажирана да го изгасне пожарот на градската депонија. Тој вели дека биле опожарени околу 500 квадратни метри и оти, благодарение на брзата интервенција, огнот не се проширил.
"Немам податок дали депонијата некој ја запалил или таа се самозапалила, но симптоматично е што на еден ден пред одржување на седница на Советот на Општината, на која на дневен ред беа советнички прашања, беше запалена депонијата. Со опожарување на депонијата имаме проблем секое лето, најмалку еднаш среде сезона ја палат, за да кажат потоа дека, ете, градоначалникот ништо не работи", вели Села.
Тој објасни дека имаат меморандум за соработка со заинтересирана компанија да гради депонија во Струга и, согласно тој договор, компанијата е заинтересирана да го експлоатира и отпадот од постојната депонија, но оти, за жал, од Министерството за животна средина не можат да добијат локација за нова депонија.
"Министерството за животна средина со години не дава дозвола за нова депонија, а оваа постојната е дива, без никаква дозвола, и блиску е до градот. Проектот за изградба на регионална депонија тапка во место со години, и буквално сме со врзани раце", вели Села.
Градската депонија, која е нелегална и од привремен карактер, се наоѓа во близина на селото Радолишта, на патот кон граничниот премин Ќафасан. Минатата година градоначалникот Села поднесе кривична пријава против непознат сторител, бидејќи се сомневаше оти е намерно запалена.
(Е.А.)

**Министерство за екологија до крајот на годината ќе изготви документација за регионална депонија**

Од Министерството за животна средина и просторно планирање велат дека Општина Струга припаѓа во југозападниот плански регион каде што е предвидена изградба на една регионална депонија, во која општините Вевчани, Дебар, Дебарца, Охрид, Кичево, Македонски Брод, Пласница, Струга и Центар Жупа ќе го депонираат отпадот.
"Во тек е изработка на планска документација за изградба на депонијата, која ја работи Министерството за животна средина со средства од ИПА фондови на Европската унија. Документацијата треба да биде готова до крајот на годината, по што градоначалниците на општините од југозападниот регион, од неколку понудени локации ќе одредат на која ќе се гради депонијата, и како - дали со средства од ИПА фондовите или преку јавно-приватно партнерство", велат од Министерството за животна средина.
На обвинувањата од градоначалникот Села дека не даваат локација за нова депонија во Струга, од Министерството велат оти откако е решено да се градат регионални депонии, на ниту една општина не $ дозволуваат да прави нови.
Иако ова решение е донесено уште пред десетина години, досега во земјава не е изградена ниту една регионална депонија.